20 години

# „Реактор – Истражување во акција“

# НАШАТА ПРИКАЗНА

20
години

„Реактор –
Истражување
во акција"

# НАШАТА ПРИКАЗНА

2005



01

# 2004–2005: Почетоци и формално основање

**Идејата за Реактор се роди во 2004 година** – во момент кога Неда, Тања и Јана, нашите основачки, учествуваа во проект за обуки и градење капацитети за тинк-тенк организации и си го поставија прашањето: *а зошто да не создадеме нешто свое?*

Од идеја до акција не помина многу време. Земајќи го предвид недостатокот на податоци во процесите на креирање политики на национално ниво, нашите основачки решија да ја пополнат празнината со релевантни, навремени и темелно истражени податоци што ќе го информираат политичкиот процес во нашите целни области: **родова еднаквост, млади, урбан развој и ЕУ интеграции.**

Така, во **јануари 2005,** „Реактор – Истражување во акција" официјално се регистрираше како граѓанска организација. Со многу прашања, ентузијазам и желба за промена на политиките и општеството, полека започна нашата приказна.

# 2005-2010



02

# 2005–2010: Поставување темели и воведување иновативни пристапи

Во овој период, „Реактор“ ги јакнеше сопствените капацитети, ги постави приоритетните области на дејствување и започна да гради **мрежи со заедницата, граѓанските организации, академијата и креаторите на политики.**

Ги објавивме **нашите први публикации** за положбата на жените во економијата, нивното намалено учество на пазарот на труд и работните услови со кои се соочуваат.

Истражувавме за вработувањето на младите и како да се поттикне нивното граѓанско учество преку младински огранизации и клубови. Ги анализиравме демографските политики во релација со родовата еднаквост, како и интеграциските процеси на Северна Македонија, теми на кои продолживме да работиме во континуитет.

Истовремено, „Реактор“ се позиционираше како **една од пионерските организации во развојот на веб-алатки и платформи за комуникација со јавноста,** воведувајќи иновативни пристапи во собирањето и презентирањето на податоци, особено во областите на нашето делување.

2012



03

2012: Кога јавниот простор стана политичко прашање

Во 2012 речиси воопшто не се зборуваше за **родово-базирано насилство во јавните простори,** ниту во јавните политики ниту во општествените дебати. А сепак, како што ќе покажат и наодите, голем број од жените и девојките во Скопје (и Тетово) не се чувствуваат безбедно и се оневозможени слободно и непречено да го уживаат движењето низ градот.

Со објавувањето на првата студија на „Реактор", ова прашање за првпат систематски се отвори и постави како клучна област на нашата долгорочна работа. Со цел темата да остане во фокус и да се следат промените низ времето, истражувањата и мерењата ги повторивме во 2019 и 2025.

Ја креиравме и **платформата „Реагирај – Биди безбедна" – прва онлајн алатка за документирање на искуствата на девојките и жените со (посведочено) насилство во јавниот простор.** Платформата им дава видливост на инцидентите кои најчесто остануваат непријавени, нормализирани и премолчени.

Целта беше и останува јасна: податоците да им дадат глас на искуствата на жените, а институциите конечно да добијат јасна слика за тоа каде, колку често и каков вид насилство се случува. Само така јавните простори можат да се планираат и управуваат како навистина безбедни за сите.

Веб-платформата е преточена во **мобилна апликација,** а ние продолжуваме и понатаму да работиме на оваа тема од повеќе агли.

2013



## 04 2013: Градење младинско движење – „Реактор“

Во 2013 се случува значаен чекор напред во институционалното младинско вмрежување со основањето на **Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)**. „Реактор“ е меѓу основачите на НМСН кој денес е препознаен како клучен глас на младинските организации во земјата.

Она што започна како заедничка визија за посилно **младинско застапување,** прерасна во широка мрежа што обединува 42 младински организации, кои ги артикулираат, застапуваат и бранат интересите и потребите на младите.

Како мост меѓу младите и институциите, НМСМ им овозможува информирано да учествуваат во процесите на донесување одлуки, од локално до национално ниво.

2013



05

# 2013: (Не)видливи родово-разделени податоци

Во 2013 го создадовме **rodovreaktor.mk – платформа која на едно место ги содржи сите достапни податоци за статусот на жените во македонското општество.** Замислена како простор каде што родово-разделените податоци за првпат ќе бидат собрани на едно место, платформата нуди јасни, прегледни и употребливи информации за следење на напредокот и структурните нееднаквости во областа на родовата еднаквост.

Во време кога ваква централизирана, јавно достапна платформа не постоеше во рамките на државните институции, „Родов Реактор" понуди сеопфатна слика за положбата на жените и мажите во Република С. Македонија, како и за системските разлики што и понатаму опстојуваат – најчесто на штета на жените.

Низ годините, податоците систематизирани преку „Родов Реактор" се користени во национални извештаи, од страна на независни активист(к)и и од пошироката јавност за кревање свесност за родовата (не)еднаквост.

# 2014


СКОПЈЕ РАСТЕ
Policy Study on t e Effects of Urban
Planning Method logy and Practice:
Case Studies of Deba Maalo and Bunjakove
A Joint Project by Reactor – esearch in Action and Arhitel

## 06

# 2014: „Скопје расте" – визуелизирање на урбаните трансформации

Во 2014 година, со **веб-проектот „Скопје расте", „Реактор"** ја отвори јавната дебата за тоа во каков град сакаме да живееме и чиј глас се слуша во процесите на урбан развој, тема којашто стана клучен столб во нашата работа.

Преку визуелизација на податоци, проектот ги направи видливи урбаните трансформации што дотогаш често се случуваа без јавна расправа и без вклучување на граѓаните. „Скопје расте" покажа дека кога бројките ќе добијат форма во вид на податоци, просторот станува политичко прашање, а градот – заедничка тема на разговор.

Проектот освои трето место на меѓународниот натпревар за визуелизација на податоци, организиран од On Think Tanks, со што една локална, граѓанска приказна доби меѓународно признание, а локалното искуство стана дел од поширока, глобална дебата за правото на градот.

2014



07

## 2014: Меѓународно признание за транспарентност

Во 2014 година „Реактор“ го објавува својот **прв извештај во сенка за Националната стратегија за родова еднаквост (2013–2020)** – независна и сеопфатна анализа што внимателно проверува колку од ветеното навистина е спроведено, од мерките во стратегијата до акциските и оперативните планови.

Истата година носи уште една важна потврда за нашата работа. „Реактор“ добива **меѓународно признание за транспарентност,** кога Transparify – независна организација што ги оценува тинк-тенковите ширум светот – ни ја доделува највисоката можна оценка од 5 ѕвезди. Со тоа, **„Реактор“ станува една од само 21 тинк-тенк организации глобално,** и единствената во Северна Македонија со ваков рејтинг таа година.

2014



08

# 2014: Основање на Платформата за родова еднаквост

Во 2014 година, Реактор беше меѓу основачите на **Платформата за родова еднаквост** – независна и неформална мрежа на граѓански организации која денес брои 27 членки и има значајно влијание врз процесите на **вградување на родовата еднаквост во сите сфери и текови на македонското општество.**

Платформата ја обединува експертизата на граѓанското општество за родова еднаквост со цел да **влијае врз локалните и националните политики** и доследното спроведување на домашното и меѓународното законодавство. Во своето делување, Платформата г**ради мостови помеѓу институциите, граѓанските организации и активистичките иницијативи,** со силна теренска мобилизација и јавен притисок за учество во креирањето политики.

Со примена на интерсекциски, феминистички пристап, Платформата за родова еднаквост работи на создавање инклузивна и безбедна средина заснована на почит, солидарност и заедничко учење. Нејзината работа ја препознава и адресира комплексноста на дискриминацијата и опресијата, преку застапување за различните искуства, идентитети и борби.

2015



# 09 Жените во политиката

Во 2015, „Реактор“ ја објавува **првата студија за жените во политиката, посочувајќи ги нееднаквостите со кои се соочуваат жените во политичкиот и јавниот живот.** Ова е прво сеопфатно истражување кое анализираше дали и како зголеменото учество на жените во политиката во С. Македонија влијае врз процесите на донесување одлуки, приоритетите и спроведувањето на политиките.

Во 2016, „Реактор“ ја добива и **престижната награда Madeleine K. Albright, доделена од National Democratic Institute,** како признание за нашата улога во поддршката и зајакнувањето на политичкото учество на жените на локално ниво.

Во годините што следат, „Реактор“ развива континуирана пракса на родови анализи на изборни процеси и политички програми, опфаќајќи ги парламентарните избори во 2016 и 2020, локалните избори во 2021, анализата на политичките програми од родов аспект во 2024 и осврт на кандидатските листи и избраните градоначалници во 2025.

Изготвивме и т.н. родов информатор за политичар(к)и со препораки за надминување на пречките за активно учество на жените и интегрирање на родовата перспектива во програмите. Исто така, во 2023 ја продлабочивме студијата од 2015 со ново истражување за реалното влијание на жените во локалната власт.

2016



Платформата „Граѓанско учество" е интерактивен прозорец во состојбата на граѓанското учество во Северна Македонија. Таа ги презентира клучните наоди од нашата студија за граѓанско учество за периодот 2012–2016 година, преточени во јасни, прегледни и лесно разбирливи визуелизации.

Преку податоци и графики, платформата нуди увид во тоа **колку и како граѓаните учествуваат во општествените процеси,** каква е состојбата со волонтеризмот, колку е изразено чувството на припадност кон заедницата, како и нивото на доверба – и меѓу граѓаните, и кон институциите. Наместо само бројки, податоците раскажуваат приказна за ангажманот, солидарноста и потенцијалот за активна демократија.

Целта на платформата не е само да информира, туку и да поттикне размислување, дебата и поголемо вклучување на граѓаните во јавниот живот – затоа што силното општество започнува со информирани и активни граѓани.

# 2017





2017: Прв Марш за женски права: улицата како заеднички феминистички простор

Во 2017 година се одржа првиот **Марш за 8 Март** – значаен настан за феминистичкото движење во земјата што отвори нов јавен простор за артикулација на женските права.

Маршот не беше само симболично движење низ градот, туку колективен чин на видливост, солидарност и граѓанска храброст, јасна јавна порака дека **женските права се политичко прашање** и дека улицата е легитимен простор за нивно барање.

Од самиот почеток, Маршот беше замислен како интерсекциска платформа – простор што ги поврзува различните искуства и борби на жени од различни заедници, генерации и идентитети, препознавајќи дека нееднаквоста не се доживува на ист начин и не може да се адресира со еднообразни решенија.

„Реактор" имаше клучна улога во иницирањето и зацврстувањето на Маршот како долгорочна пракса, обезбедувајќи негов континуитет преку соработка со Платформата за родова еднаквост и поширокото феминистичко движење, тргнувајќи од контекст каде ваквите форми на јавно феминистичко изразување не беа широко општествено препознаени и прифатени.

**Со текот на времето, Маршот придонесе за развојот на феминистичкото организирање и коалицирање и помогна да се изгради видлив и солидарен колективен глас во јавниот и политичкиот простор.**

# 12 Позиционирање на родовата еднаквост во срцето на ЕУ реформите

Европската интеграција, со јасен фокус на **вклучување на родовата перспектива во реформските политики и пристапните механизми,** претставува континуиран стратешки приоритет на Реактор.

Организацијата има пионерска улога во интегрирањето на родовата перспектива во процесите на пристапување кон ЕУ и реформите во регионот. Како една од првите организации што системски го отвори ова прашање, Реактор го иницираше пристапот што подоцна се разви во пошироки регионални иницијативи, вклучително и преку долгогодишна поддршка и соработка со фондацијата Kvinna till Kvinna, градејќи поширока платформа за родово одговорни ЕУ реформи.

Овој пристап понатаму се институционализира преку ангажманот во регионални мрежи, меѓу кои и **формирањето на ЕКВАПРО** со цел интегрирање на родовата еднаквост како суштински елемент во процесот на пристапување кон ЕУ, преку застапување, истражување и координирано регионално делување.

Реактор не само што придонесува на национално ниво, туку **активно влијае и на европско ниво,** преку директни застапувачки активности со институции на ЕУ и обраќања во Европскиот парламент (ФЕММ комитет), што претставува значаен исчекор за видливоста на регионалните перспективи.

Нашата работа во оваа област е поддржана преку повеќе проекти, меѓу кои и еден од најголемите проекти доделени на граѓанска организација во земјата, насочен кон унапредување на родовата еднаквост преку процесот на ЕУ пристапување, како и претходни иницијативи што ја поставија основата за поврзување на родовите политики со европската интеграција.

Во оваа насока, Реактор ја следи и анализира имплементацијата на **Планот за акција за родова еднаквост на ЕУ во Северна Македонија,** укажувајќи на обврските што произлегуваат од европската рамка за унапредување на правата на девојчињата и жените во земјите кандидатки. Подготвуваме и родово фокусиран преглед на клучните препораки од извештаите на Европската комисија за напредокот на земјата, како и проценка на усогласеноста со европските стандарди за родова еднаквост, позиционирајќи ја родовата еднаквост како клучен критериум во процесот на пристапување.

Севкупно, Реактор ја позиционира родовата еднаквост како клучен индикатор за квалитетот на реформите и активно придонесува кон нејзино системско интегрирање во ЕУ агендата – од национално до европско ниво.

Како дел од **Механизмот на граѓанските организации ИПА2ЦСО,** поддржан од Европската комисија преку Инструментот за претпристапна помош, Реактор работеше и на зајакнување на партнерството меѓу граѓанското општество, Делегацијата на ЕУ и националните институции во процесите на програмирање, имплементација и мониторинг на ИПА 2014–2020. Целта беше да се зголеми влијанието на граѓанските организации врз јавните политики и клучните реформи поврзани со пристапувањето кон ЕУ.

# 2018



13

## 2018: Социјална економија, демографија и млади

Водени од идејата дека знаењето е најсилна алатка за промена, во 2018 ја создадовме **платформата „Млади низ бројки"**, која ги собира и визуелизира сите значајни податоци за младите во Северна Македонија, поврзувајќи ги законите, истражувањата и статистиките во разбирлив и употреблив формат.

Со оваа како и со другите веб-платформи адресираме клучен проблем: расеани податоци, тешко достапни информации и отсуство на јасна слика за одредени општествени прашања. Со нив придонесуваме кон поинформирана јавна дебата, подобри политики и поефикасни решенија.

Паралелно, во овој период Реактор остави силен печат и во **развојот на социјалната економија** преку долгорочна истражувачка и застапувачка работа за мапирање и разбирање на социјалните претпријатија во регионот, учествувајќи во првата сеопфатна студија што ја вклучува и С. Македонија.

Преку овој проект, активно застапувавме за унапредување на политиките, вклучително и за донесување Закон за социјално претприемништво, и иницираме создавање на регионална мрежа на истражувач(к)и кои работат на темата. Со тоа, Реактор придонесе кон поставување на темелите на ова поле – и како истражувачка дисциплина и како практична алатка за економско вклучување на маргинализирани групи.

# 2018



14

„Пријави дискриминација" – борба против дискриминација на пазарот на труд

Во 2018 го актуелизиравме прашањето за **родово-базираната дискриминација на пазарот на трудот.** Со две последователни студии (2019 и 2022), потврдивме дека жените и понатаму се соочуваат со нееднаквост при вработување и во работните односи, укажувајќи на слабостите во правната рамка.

Истражувањата ја анализираа распространетоста и формите на дискриминација, бројот на поднесени претставки, како и постапувањето на институциите во вакви случаи. Затоа што секоја жена има право на еднаков и правичен пристап до вработување.

„Пријави дискриминација" е веб-платформа која ја создадовме за да погледнеме позади завесата на дискриминацијата на работното место и при барањето работа. Со анонимното пријавување, секој дискриминаторски случај станува видлив, особено повредата на работничките права врз основа на родовиот идентитет.

Целта е да се открие она што често останува скриено – непријавените и непрепознаени случаи – и да се обезбеди анализа која помага да се разбере опсегот на проблемот, да се идентификуваат најчестите видови повреди на работнички права и да се предложат конкретни решенија. На овој начин се поттикнува свеста кај граѓаните, се зголемува одговорноста на работодавачите и се придонесува кон поинклузивна, праведна и безбедна работна средина за сите.

# 2018-2019

Создадена во 2018, **rodoviresursi.mk е онлајн архива на најважните ресурси за родова еднаквост** – од законодавство до постоечки анализи и студии – прегледно собрани на едно место.

Меѓутоа, и покрај бројните анализи за состојбата и правата на жените во земјава, досега не биле измерени можностите и пристапот до услуги во различните општини. Затоа, во 2019, со ригорозен пристап кон креирањето на методологија, собирањето на податоци и анализа, креиравме единствен компаративен увид во родовите нееднаквости на локално ниво во земјата и го објавивме првиот **Индекс на родова еднаквост на општините (rodovindeks.mk),** кој претставува уникатен истражувачки продукт на нашата организација.

Овој продукт е заснован на убедувањето дека за нашиот колективен напредок, жените и мажите мора да имаат еднаков пристап до можности и услуги, кои се планирани и креирани во согласност со нивните специфични потреби.

Индексот на родова еднаквост е прва алатка што ја прави родовата еднаквост на локално ниво видлива и мерлива. Тој претставува композитен показател за статусот на жените и мажите во различни сфери од живеењето, достапноста на јавни услуги кои се релевантни за остварување на родова еднаквост и напорите на општината за промовирање на родово одговорни политики, претставени во веб-платформа за широка употреба наречена „Родов индекс". Со оваа алатка им овозможуваме на донесувачите на одлуки, службениците и граѓаните, начин за идентификување и разбирање на состојбите кои се критични за унапредување на статусот на жените на локално ниво.

2019



16

# Родовата еднаквост во демографските и семејните политики

Уште во 2012, „Реактор" ја отвора дебатата со публикацијата „Демографските политики и родовата еднаквост во Македонија", покажувајќи дека **мерките за унапредување на родовата еднаквост не се во спротивност со политиките за зголемување на наталитетот.**

Напротив, анализата аргументира дека достапни згрижувачки установи, подобар баланс меѓу семејниот и професионалниот живот и поддршка за работна реинтеграција на жените се поврзани со повисок фертилитет и поодржлив демографски развој.

Во контекст на репродуктивните права, „Реактор" беше активно вклучен во застапувачката борба предводена од граѓанскиот и феминистичкиот сектор по **рестриктивните измени на Законот за прекинување на бременоста** усвоени по брза постапка во 2013. Нашите заеднички напори резултираа со **усвојување на нов закон во 2019** со кој се укинаа административните бариери, се поедноставија процедурите и се прошири пристапот до услуги, враќајќи го правото на избор како суштинско право на жените.

Истата година, „Реактор" ја објавува анализата „За сечие добро – кон нов модел на родителско отсуство", во која се нагласува **улогата на татковците во грижата за децата и потребата од поправеден систем што ќе овозможи порамномерна распределба на грижата и подобра заштита на мајките на пазарот на труд.** Гласно се залагаме и за **достапна и квалитетна рана грижа и образование,** преку детски градинки и дневни центри, коишто би воделе кон подобар баланс меѓу приватниот и професионалниот живот – за жените и за мажите подеднакво.

## 2020-2021



# 2020 – 2021: Ковид, но не запираме

Во 2020 година, светот го погоди Ковид кризата. Но, водејќи се од премисата дека заедно сме посилни, нашата работа не запре и се впуштивме во **регионална иницијатива за унапредување на родовата еднаквост во контекст на процесите на ЕУ интеграции,** во соработка со партнери од Западен Балкан.

Отворивме и друго важно прашање, ставајќи ја на агендата **менструалната хигиена** како прашање на достоинство, здравје и еднаквост. Во насока на намалување на менструалната сиромаштија во С. Македонија преку подобар пристап до неопходни средства, работевме кон кревање на јавната свест и поттикнување политики што водат кон поинклузивно и поправедно општество.

Паралелно, зборувавме и за поголемо **вклучување на мажите во грижата,** како важен чекор кон подобар баланс меѓу работата и животот. Ја истражувавме и потребата од **центри за советување на мажи** во С. Македонија како клучна алка во превенцијата на родово-базираното насилство. Преку анализа на постојните податоци, извештаи и директни консултации со институции и релевантни чинители, ги мапиравме празнините во системот и реалните потреби на терен.

2024



# 18 Економска сигурност и психофизичка благосостојба на жените

Во својата работа, „Реактор" континуирано ја отвора темата на **економската еднаквост** преку прашањата на сопственоста и наследувањето, укажувајќи дека пристапот до имот не е само правно, туку и длабоко родово прашање. Анализите покажуваат дека **родовите стереотипи, традиционалните норми и институционалните практики често го ограничуваат правото на жените на сопственост,** продлабочувајќи ја нивната економска зависност и ранливост. Оттаму, економската автономија се поставува како клучен предуслов за реална еднаквост и можност за донесување самостојни одлуки.

Истовремено, важен фокус на нашето застапување е унапредувањето на менталното здравје на мајките преку интегрирани и системски интервенции, односно **препознавање на перинаталното ментално здравје** како суштинско, но долго занемарувано прашање во националните политики кое погодува повеќе од една од четири нови мајки во земјава.

Со поврзување на економската сигурност со системите на грижа, „Реактор" укажува дека благосостојбата на жените не може да се третира изолирано: таа зависи од материјалните услови, распределбата на грижата и постоењето на достапни, одговорни јавни политики што ја препознаваат комплексноста на женските искуства.

2025



19

# 2023–2026: Проширен истражувачки и застапувачки фокус

Иста вредност, нови хоризонти. Родовата еднаквост останува цврсто во срцето на нашата работа – но ја отвораме кон нови области каде што промената е итно потребна.

Во 2023 одново се вративме на прашањето за одржлива иднина, отворајќи нов „прозорец" кон сончевите училишта преку анализа на ефектите од преминот кон обновлива енергија во образовните институции. „Реактор" спроведе и квалитативна **проценка за родовите разлики во влијанието на домаќинствата и прифатливоста на енергетските реформи,** во рамки на регионален проект за правична транзиција на енергетскот сектор.

Во 2025 се насочивме кон **пресекот помеѓу родот, корупцијата и медиумската слобода,** тема преку која застапуваме за политички промени во насока на заштита на новинарките и жените во јавната сфера. Преку истражување на **искуствата на локалните новинар(к)и** – нивните работни услови и предизвици, лични стратегии, заштитни механизми и уреднички политики, ја поддржуваме клучната улога на локалното новинарство и дописничките мрежи за демократската транспарентност, отпорноста на заедниците и враќањето на вербата во (истражувачкото) новинарство.

Различни теми, заедничка цел: општество што се грижи, вклучува и создава еднакви можности за сите.

2026



# 2025: 20 години „Реактор“ и поглед напред

Приказната на „Реактор“ стартуваше во 2004 година, поттикната од мала група на носители на промени решени да замислат поинаков начин на истражување и граѓанско учество што може да создаде подобра иднина. Денес, две децении подоцна, тој дух продолжува да живее додека се развиваме, соработуваме и се бориме за општество во кое секој може еднакво да напредува.

Во оваа прилика, сакаме да им се заблагодариме и да ја истакнеме важноста на сите наши драги колешки и колеги – од нашите основачки до тимот во својот сегашен состав – кои ја збогатувале (и збогатуваат) работата на „Реактор“ низ годините и со кои продолжуваме да ги делиме истите вредности, визија и желба за подобро утре.

Јубилејот е можност за осврт кон постигнатото, но и за потврда на мисијата за истражување, креирање политики и граѓанско зајакнување. Во „Реактор“ не го истражуваме само светот онаков каков што е, туку работиме кон свет во каков што сакаме да живееме. Свет во кој податоците создаваат подобри политики, каде секој глас е земен предвид и каде еднаквоста не е сон, туку живеана реалност. Нашата приказна продолжува!

https://reactor.org.mk

Публикации

Веб платформи

